Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 април 2022 година**

**Скопје, април 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 април 2022 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија како и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Алдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделтво, шумарство и водостопанство, доц.д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и м-р Борис Тунџев, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија
- Придонес кон Извештајот на Европска комисија
- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

1. Записник од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 18 април 2022 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 13 април 2022 година, со Предлог-одлука

2. Годишна сметка за 2021 година и Годишен извештај за работењето за 2021 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки

3. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука и Програма за работа и развој на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година

4. Информација во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции

5. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена

6. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист 26015, КП 3085 КО Велес)

7. Информација за проектирање на државниот пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“ и реализација на Проектот во рамки на ИПА 2 (сопт 2014 – 2020)

8. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие „Национални шуми" за 2022 година, со дополнувања и Предлог-одлука

9.Информација за потребата од вршење процена на земјиште, насади, посеви, шума и објекти на катастарските парцели кои се наоѓаат на трасата на магистралниот гасовод Делница 8 Свети Николе - Велес и интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција

10. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со дополнување и Предлог-одлука (Агенција за планирање на просторот)

11. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година, Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

12. Програма за работа и Годишен финансиски план на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлуки

13. Финансиски план за 2022 година и Годишна програма за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

14. Информација за усвојување на Годишна сметка, Годишен извештај за работата и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2021 година, со дополнување и Предлог-одлуки

15. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година.

16. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност

17. Информација во врска со завршување на активностите поврзани со проектот „Изградба на Коридор 10 - автопатска делница Демир Капија - Смоквица"

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246,05, Општина Кичево, за стабилизација на косина на км 14+280 - км 14+593 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89, за проширување на изградени косини, косина 1 од км 0+480 до км 1+340, КО Кичево вон град и КО Кичево 9, Општина Кичево, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун со приклучок на постоечки објекти (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, км 0+000,00 - км 12+698,72), КО Ново Село, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

21. Информација за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со Тендерска документација

22. Информација за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари и над 3 хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште, со Предлог-одлука

23. Информација во врска со барањето на концесионерот „МХЕЦ Ехлоец" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Ехлоец со реф.бр. 51

24. Информација за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализацијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризни мерки

25. Информација за добивање на согласност за спроведување на постапка за јавна набавка на мебел и елементи од ентериер во судска сала во објект Судница во комплексот КПД Идризово

26. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA" во Централноафриканската Република

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/2197 на Советот од 13 декември 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

29. Информација со цел Барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за Набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР

30. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација

31. Информација за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика кој ќе се одржи на 28 април 2022 година, преку видеоконференциска врска

32. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ - Свети Николе

33. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Народен херој Орде Чопела“ - Прилеп

34. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид

35. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот просветен инспекторат

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка

39. Информација за потребата од доделување на простор на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност

40. Предлог на декларација по повод 150 - годишнината од раѓањето на Гоце Делчев (поднесена од група пратеници)

41. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциskiот надзор и прекршочната постапка за 2021 година

42. Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година

43. Иницијатива поднесена од Благоја Новески од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.28/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21)

44. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби и делови од одредби од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21)

45. Посебен извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, а во врска со претставка доставена од Александар Кацарски од Скопје за отстранување на констатираните повреди на неговите уставни и законски права од Подрачното одделение за првостепена управна постапка Неготино на Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии

46. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.115, за КО Горно Лисиче-вонград, на КП бр.2624/2, КП бр.2624/3 и КП бр.2624/6 на викано место/улица Гробишта

47. Кадровски прашања

48. Прашања и предлози

49. Информација за склучена Програма за соработка на полето на образованието и науката меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за периодот 2022-2025 година на македонски, бугарски и англиски јазик

50. Акциски план на извршена ревизија на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година, на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија од Државен завод за ревизија

51. Извештај за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година

52. Извештај за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година

53. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година

54. Извештај за искористеноста на одобрените средства за набавка на механизација за одржување на минимум стандарди на инфраструктурата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта, со дополнување

55. Информација за апликација на АД ЕСМ – Скопје за инвестициски грант од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), за проектот - Парк на ветерни електрани Богданци – Фаза II, во сопственост на АД ЕСМ – Скопје

56. Информација во врска со склучен Договор за заем меѓу АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловоен простор од значење за Републиката - Скопје

57. Информација во врска со движењето на цените на нафтените деривати во Република Северна Македонија по отпочнувањето на руско-украинска криза

58. Извештај за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година

59. Извештај на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година

60. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Автопат А2: Кичево–Охрид на минерална суровина–дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца

61. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог – решение

62. Барање на Никица Габриќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

63. Информација во врска со изразување на интерес за учество во програмата за животната средина од Обединети нации

64. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Крупиште 1“, Општина Карбинци

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола (*)

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија

67. Информација за исплата на пензии за април 2022 година

68.Информација за состојбите во основните и средните училишта предизвикана од штрајк на вработените, а согласно одлуката на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК)

69. Предлог-закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка

70.Информација за изнаоѓање на предлог решение за состојбата со пензионирањето во јавните обвинителства и судовите

71. Предлог-закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка

72. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година

73. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2022 година

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Владата во врска со користење, имплементација на фондовите од Европската Унија во ИПА 3, по однос на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓудржавен транспорт преку Охридското Езеро, го задолжи Министерството за локална самоуправа, да одржи состанок со Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, со цел изнаоѓање на заедничко решение во однос на прашањата околу превозот на патници и стока на Охридското Езеро меѓу двете земји.

Министерството за локална самоуправа по одржување на состанокот до Владата да достави Информација со предлог-решение произлезено од состанокот.

- **Придонес кон Извештајот на Европска комисија**

Владата го разгледа и го усвои придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот за Европската комисија 2022 година и го задолжи Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 20 април 2022 година да го достави до Европската комисија.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања м-р Бојан Маричиќ ги информираше членовите на Владата за подготовката на придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот за Европската комисија 2022 година, важноста на Извештајот и нашиот придонес кон истиот, досегашните превземени чекори, заклучоци и одлуки донесени на седници на Владата во однос на обврските и роковите на институциите за нашиот придонес кон Извештајот за Европската комисија 2022 година.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција**

Владата ја разгледа Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите буџетски корисници и се укажува на сите единки корисници, во рок од 30 дена да креираат посебен дел (таб) на своите веб - страници за ,,јавни набавки„ и да ги објават следните документи:
- Годишен план за јавни набавки,
- Огласи за јавни набавки (линк од објавата на ЕСЈН),
- Известувања за склучени договори (линк од објавата на ЕСЈН),
- Склучени договори и
- Известувања за реализирани договори (линк од објавата на ЕСЈН).

2. Се задолжуваат сите буџетски корисници и се укажува на сите единки корисници, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на наведените документите од заклучокот број 1 да доставаат известување за реализација на заклучоците до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење.

3. Се укажува на јавните претпријатија основани од државата и на акционерските друштва во државна сопственост, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавни претпријатија основани од општините, односно Град Скопје и на останатите институции кои се под надлежност на општините, во рок од 30 дена да ја следат мерката за унапредување на транспарентноста со тоа што ќе ги објават основните информации за јавни набавки, односно да креираат посебен дел (таб) на своите веб-страници за ,,јавни набавки„ и да ги објават документите наведени во заклучокот број 1.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## <u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 18 април 2022 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 13 април 2022 година, со Предлог-одлука и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата го усвои Записникот и ги донесе следните заклучоци:

1. Да престане да важи обврската за сите домашни и странски државјани, кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија, на граничниот премин задолжително да приложуваат еден од следниве четири документи: 1) сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест КОВИД-19;
2) сертификат/потврда за прележан КОВИД-19 во последните 180 дена, сметајќи од денот на оздравувањето;
3) медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред влез на територијата на Република Северна Македонија; или
4) негативен резултат од брз тест за антиген, направен 48 часа пред влез на територија на Република Северна Македонија.
2. Да се укине мерката домашна изолација/карантин на сопствен трошок во времетраење од седум дена за лицата кои при влез на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија нема да приложат еден од горенаведените сертификати/потврди. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот Sars-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата го одложи разгледувањето на Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај за работењето за 2021 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки, за наредната седница поради потребата предлагачот да достави нови текстови на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2021 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2021 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година усогласени со донесените антикризни мерки усвоени на седницата на Владата, одржана на 15 март 2022 година и Мислењето на Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 3

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука и Програма за работа и развој на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година поради потребата Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија да ги усогласи текстовите на материјалите со антикризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор усвоени на седница на Владата, одржана на 15 март 2022 година (одложување на предвидените инвестиции на претпријатието, пред се планираните вложувања во деловен простор).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции и го донесе следниот заклучок:

- Формира работна група за разгледување на прашањата кои произлегуваат од примената на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, со претставници од Агенцијата за лекови и медицински средства, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Царинската управа и Секретаријатот за европски прашања, која да подготви и до Владата да достави соодветен предлог за решавање на оваа проблематика.

## Точка 5

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист 26015, КП 3085 КО Велес), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за проектирање на државниот пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“ и реализација на Проектот во рамки на ИПА 2 (сопт 2014 – 2020) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта до Министерството за транспорт и врски да достави барање за одобрение за градење за Основен проект за реконструкција и надградба на постојниот пат од излезот на Прилеп до мостот на Ленишка Река (Фаза 1), најдоцна до 10 мај 2022 година.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта до Министерството за транспорт и врски да достави ревидиран Образец за идентификација на проекти за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“, во рок од пет дена по усвојување на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по добивањето на ревидираниот Образец за идентификација на проекти за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“ од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, истиот во рок од пет дена да го достави до НИПАК (Секретаријат за европски прашања).

4. Се задолжува НИПАК по добивање на ревидираниот Образец за идентификација на проекти за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“, во рок од пет дена истиот да го достави на одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

5. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да изработи нацрт тендерска документација за градежни работи за проектот за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“ согласно доставениот изменет Образец за идентификација на проекти и истата да ја достави до Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 10 мај 2022 година.

6. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да достави известување до Министерство за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (CFCD) за откажување на тековната тендерска постапка за надзор и да достави нова нацрт тендерска документација за надзор на проектот за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“ согласно изменетиот Образец за идентификација на проекти. Нацрт тендерската документација за надзор Јавното претпријатие за државни патишта да ја достави до Министерството за транспорт и врски најдоцна, до 10 мај 2022 година.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски тендерската документација за градежни работи и тендерската документација за надзор на проектот за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“, доколку нема забелешки, да ги достави до Министерство за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (CFCD), во рок од 10 дена по добивање на истите од Јавното претпријатие за државни патишта.

8. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (CFCD) тендерската документација за градежни работи и тендерската документација за надзор на проектот за реконструкција и надградба на патот Прилеп - мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица – каменолом „Маврово“, доколку нема забелешки, да ги достави на одобрување до Делегација на ЕУ, во рок од 15 дена по добивање на истите од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 8**

Владата по новиот текст на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Национални шуми" за 2022 година, со дополнувања, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми’’ - п.о. - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од вршење процена на земјиште, насади, посеви, шума и објекти на катастарските парцели кои се наоѓаат на трасата на магистралниот гасовод Делница 8 Свети Николе - Велес и интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за правда - Биро за судски вештачења, да ги изготви процените и во рок од 30 дена од доставеното барање да ги изготвува процените на земјиште, насади, посеви, шума и објекти на катастарските парцели кои се наоѓаат на трасата на магистралниот гасовод Делница 8 Свети Николе - Велес и интерконективниот гасовод Северна Македонија - Грција и примероци од процените да ги достави до Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси, Скопје, во државна сопственост, на понатамошно проследување до надлежните органи.

2. Се укажува на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси, Скопје, во државна сопственост, да ги надомести трошоците кон Бирото за судски вештачења само во случаите кога е потребно да бидат ангажирани надворешни соработници и стручни лица.

3. Се укажува на Управата за имотно-правни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија, при водење на постапките поврзани со решавање на имотно-правни работи за потребите на изградба на магистралниот гасовод Делница 8 Свети Николе - Велес и Интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција, да постапуваат брзо и навремено во законските рокови предвидени за самите постапки.

4. Во однос на заклучоците бр. 1 и 3 се задолжуваат институциите да пристапат со највисок приоритет по сите предмети поврзани со трасата на магистралниот гасовод Делница 8 Свети Николе - Велес и интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција и водење на постапки потребни за започнување на изградбата.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со дополнување и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ги разгледа Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година, Програмата за работа за 2022 година и Финансискиот план за 2022 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ги разгледа најновите текстови на Програмата за работа и Годишниот финансиски план на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Финансискиот план за 2022 година и Годишната програма за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

2. Го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работата и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2021 година, со дополнувањето и Предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

-Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2021 година,
- Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2021 година и
-Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2021 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда, во соработка со Управата за извршување на санкции да преземе соодветни активности за престанување на постоењето на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје и преминување на вработените во КПУ Идризово, и во рок од 15 дена, да ја информира Владата за преземените активности со Акциски план за постапување.

**Точка 15**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со завршување на активностите поврзани со проектот „Изградба на Коридор 10 - автопатска делница Демир Капија - Смоквица" и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии, да достави официјален допис до изведувачот, најдоцна до 25 април 2022 година, со кој ќе го информира дека поради неисполнување на договорните обврски ќе побара од надзорот во согласност со одредбите од општите услови на Договорот, клаузула 11.4 (б) [Неуспех за отстранување на дефектите], и потклаузулата 3.5 [Утврдување] намалување на износот на Договорот за износот кој е потребен за санирање на дефектите, утврдени за време на гарантниот период, вклучувајќи ги сите дополнителни трошоци по други основи и дека овој износ ќе биде намален од износот од 711.978,94 евра што беше задржан како изведбена гаранција од страна на ЦФЦД.

2. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со надзорниот инженер да ги преземат потребните активности за затварање на Договорот за градежни работи за проектот „Изградба на Коридор 10 - автопатска делница Демир Капија-Смоквица", согласно одредбите од општите услови на Договорот, клаузула 11.4 (б) [Неуспех за отстранување на дефектите].

3. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта да побара од надзорниот инженер во согласност со потклаузулата 3.5 [Утврдување] да го утврди износот кој ќе биде потребен за санирање на дефектите, утврдени за време на гарантниот период, вклучувајќи ги сите дополнителни трошоци по други основи и за истиот износ соодветно да се намали Договорот за градба имајќи го предвид Писмото од изведувачот од 5.5.2020 година.

4. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја преземе обврската за отстранување на дефектите пријавени во рамки на проектот „Изградба на Коридор 10 - автопатската делница Демир Капија-Смоквица" нотирани во периодот на пријавување на дефекти преку обезбедување на финансиски средства во рамки на сопствениот буџет во годишната програма за 2023 година, по добивање на проценетиот износ од страна на надзорниот инженер во фазата на детерминација и за преземените активности да ја информира Владата и надзорниот инженер, најдоцна до 31.10.2022 година.

**Точка 18**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис - Пресека, км 10+424,89 - км 22+246,05, Општина Кичево, за стабилизација на косина на км 14+280 - км 14+593 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја усогласи со укажувања изнесени во Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности и потоа да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89, за проширување на изградени косини, косина 1 од км 0+480 до км 1+340, КО Кичево вон град и КО Кичево 9, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89, за проширување на изградени косини, косина 1 од км 0+480 до км 1+340, КО Кичево вон град и КО Кичево 9, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун со приклучок на постоечки објекти (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, км 0+000,00 - км 12+698,72), КО Ново Село, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун со приклучок на постоечки објекти (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, км 0+000,00 км 12+698,72), КО Ново Село, КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со нови текстови на тендерска документација, ја усвои Информацијата и:

1. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“.

2. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.

3. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“.

4. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

5. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

6. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.

7. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.

8. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

9. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

10. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“.

11. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“.

12. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Далјан“, со заклучок предлагачот да ја усогласи Тендерската документација со Министертвото за економија во делот на банкарската гаранција.

**<u>Точка 22</u>**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари и над 3 хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште, со Предлог-одлука, за наредна седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „МХЕЦ Ехлоец” ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Ехлоец со реф.бр. 51 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр. 51, бр.11-4181/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.7.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот МХЕЦ „Ехлоец” ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр. 51, бр.11-4181/1 од 4.5.2015 година, најмалку до 26.9.2022 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализацијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризни мерки, ја усвои Информацијата (без делот кој се однесува за набавка на возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија) и даде согласност за спроведување постапка за набавка на мебел за опремување на ново закупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на едно возило за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при ОБСЕ во Виена, а во согласност со претходно одобрените буџетски средства со Буџетот на Министерството за надворешни работи за 2022 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за спроведување на постапка за јавна набавка на мебел и елементи од ентериер во судска сала во објект Судница во комплексот КПД Идризово, ја усвои Информацијата и даде согласност на Управата за извршување на санкциите да спроведе постапка за јавна набавка на мебел и елементи од ентериер во судска сала во објект Судница во комплексот КПД Идризово.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 27

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република (нов текст), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/2197 на Советот од 13 декември 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата со цел Барање за измена на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија за преземање на повеќегодишни финансиски обврски преку измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за Набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за измена на дадената согласност од Владата од Четириесет и петата седница - точка 29, одржана на 16 февруари 2021 година издадена под арх.бр. 44-9790/1-20 од 16 февруари 2021 година за преземање на повеќегодишни финансиски обврски и одобри измена на динамиката за повеќегодишно плаќање за Набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на системот ЕНЕР, во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, со нова динамика на плаќање и тоа:
- 600.000,00 денари во 2022 година
- 600.000,00 денари во 2023 година

Потребните средства за реализација на плаќањето во 2022 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во рамките на Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика кој ќе се одржи на 28 април 2022 година, преку видеоконференциска врска со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација за копретседавач со Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика и истата да ја достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, веднаш по усвојувањето од страна на Владата.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, на англиски јазик да ги достави до службите на Европската комисија, веднаш по усвојувањето од страна на Владата.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ - Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Народен херој Орде Чопела“ - Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот просветен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доделување на простор на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, ја усвои Информацијата и ги задолжи Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да одржат состанок со цел обезбедување на соодветен простор во кој што членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ќе можат да ги одржуваат своите седници и за изнајденото решение до достават информација до Владата.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Предлог на декларацијата по повод 150 - годишнината од раѓањето на Гоце Делчев (поднесена од група пратеници) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.

Согласно член 183 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со декларација се изразува општиот став на Собранието по прашања од општо политичко значење.

Владата на Република Северна Македонија го информира Собранието на Република Северна Македонија дека институциите од областа на културата во рамките на своите активности, во Годишната програма за работа за 2022 година, имаат предвидено одбележување на овој значаен настан.

## Точка 41

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, согласно член 6 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 53/16 и 11/18), за своето работење поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Годишниот извештај за работата на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2021 година, со број 01-76/2 од 21.3.2022 година, наведено во официјалниот допис од Собрание на Република Северна Македонија, до Влада на Република Северна Македонија е доставено согласно законскиот рок, односно на 22.3.2022 година до Собранието на Република Северна Македонија,

Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и статистичка анализа на постапките на правна заштита.

Во текот на 2021 година Државната комисија примила вкупно 921 предмет и 144 предмети пренесени од претходната година за решавање, што значи дека за решавање во изминатата година имало 1.065 предмети.

Од вкупниот број на предмети што биле за решавање во 2021 година, Државната комисија решила 142 предмети од пренесените предмети од претходната година и 857 предмети од примените во 2021 година, односно во текот на извештајниот период Државната комисија решила 999 предмети. Исто така, во 2021 година биле решени 16 предмети по уважени пресуди на Уставниот суд или вкупно заедно со погоре наведените предмети 1.015 предмети, односно 95% од вкупниот број на предмети за решавање.

Државната комисија од вкупниот број на решени предмети во 2021 година, прифатила вкупно 527 жалби од кои 15 предмети биле по примени тужби од Управен суд со кои е поништено решението на Државната комисија или на другите второстепени комисии формирани во органите да државната управа и во општините. Исто така, од вкупниот број решени премети 18 жалби биле прифатени за кои мериторно се одлучувало, а 314 жалби одбила од кои 1 жалба Комисијата ја одбила постапувајќи по уважена пресуда на Управен суд. Од вкупно решените предмети во 2021 година Државната комисија отфрлила вкупно 33 жалби, а за 3 жалби ја запрела постапката.

Во текот на 2021 година 16 предмети биле препратени на понатамошна надлежност на првостепениот орган, како надлежен орган. Државната комисија во 2021 година архивирала вкупно 97 предмети, а евидентирала 7 предмети кои биле оформени пред Комисијата, а биле решени од страна на првостепениот орган.

Вкупниот буџет за 2021 година изнесувал 22.416.000,00 денари, а неговата реализација на крајот на 2021 година изнесувал 20.893.937,00 денари.

Согласно ова Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2021 година со број 01-76/2 од 21.3.2022 година.

## Точка 42

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија, главниот државен ревизор е надлежен за донесување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија. Предметната програма дава осврт на активностите кои е предвидено да се реализираат во текот на 2022 година, а во насока на реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Северна Македонија.

Согласно член 23 став 2 од Законот државната ревизија, Државниот завод за ревизија ја доставува Годишната програма за работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до декември во тековната година за наредната година, заради информирање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година.

## Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Благоја Новески од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.28/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21) и притоа го утврди следново мислење:

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита, се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22). Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат правото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижел за своето дете со попреченост и не го сместил во социјална установа, да се стекне со овој надоместок на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Преку надоместокот заради попреченост, согласно член 44 од Законот за социјалната заштита, се има за цел да се обезбеди поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Според став 2 на оваа одредба, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот.

Право на надоместок за помош и нега од друго лице, согласно член 48 од законот, може да оствари лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. Притоа, надоместокот заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице, меѓусебно не се исклучуваат.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, со членот 360 од овој закон, корисниците на постојана парична помош, додатокот на мобилност и слепило, додатокот за глувост и паричен надоместок за помош и нега од друго лице се преведуваат во соодветното право на парична помош од социјална заштита согласно со постојниот наод, оцена и мислење врз основа на кој е стекнато правото, до истекот на периодот за контролен преглед, додека со членот 363, лицата кои со решение на Центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користат право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето.

Социјалната сигурност за лице над 65 - годишна возраст, заедно со неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, а кои немаат приход и имот од кој може да се издржуваат, се остварува согласно Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), како парично право во висина на месечен износ од 6.000 денари, како и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во висина од 1.000 денари месечно, од октомври до март.

Реформата на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници. Имено, системот на социјалната заштита особено се насочува кон унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги. На овој, начин се обезбедува интегрирана заштита, помош и поддршка на лицата со попреченост и нивно социјално вклучување во општеството.

Услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е, исто така, дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/19) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Воедно Владата истакнува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија по поднесената Иницијатива од Александар Долгоски од Прилеп и Институтот за човекови права од Скопје, преку полномошник Игор Спировски, адвокат од Скопје, донесе Решение У.бр.27/2020 и У.бр.289/2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот: „најдоцна со 65-годишна возраст“ од Законот за социјалната заштита, а до конечното одлучување го запре извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на одредбите од Законот за социјалната заштита.

## <u>Точка 44</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби и делови од одредби од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен венсик на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата иницира оценување на уставноста на:
-Делот „20, 55“ од член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93);
-Делот „член 30" од член 31 став 3 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21);
- Делот „Министерството за стопанство" од член 59 и 72 став 1 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/21) и
- Став 2 од член 72 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21).

Имено, предлагачот на Иницијативата укажува дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90), се менува членот 20 од Законот за експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 4/78, 10/78 и 51/88) на начин што се утврдува дека „согласност на решенијата и мерките за заштита од пожари и експлозија и нивната усогласеност со соодветните технички нормативи во проектот за заштита од експлозија што е составен дел на техничката документација за изградба на објекти наменети за производство на експлозивни материи, дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

Понатаму, со истата измена на Законот се менува и членот 55 од Законот за заштита од експлозивни материи, со што се уредува дека „Согласност во поглед на техничкото решение и предвидените мерки за заштита од пожари и експлозија во проектот за зашита од експлозија за изградба на магацин за складирање на експлозивни материи, дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи. Со членот 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93), во членовите 20, 55, 59 и 72 став 1 зборовите „Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија“ се заменуваат со зборовите „Министерство за стопанство“.

Имајќи го предвид наведеното, подносителот наведува дека со наведената измена на членовите 20 и 55 од Законот се изменува дел од одредба во која не постојат деловите кои се менуваат и истото доведува до правна несигурност и правна забуна во примената на одредбата, што не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите на подносителот на Иницијативата кои се однесуваат на повреда на одредбите од Уставот се неосновани од следните причини:

Во членовите 20 и 55 од Законот за заштита од експлозивни материи јасно и недвосмислено може да се утврди дека надлежна институција во однос на постапката која се уредува со истите е Министерството за внатрешни работи. Со измените кои се наведени, се следела промената во називот на институцијата.

Со измената на членовите 20 и 55, каде се наведува дека зборовите „Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија“ се заменуваат со зборовите „Министерство за стопанство“ е направена очигледна грешка при изменувањето на Законот, која е видлива само во конкретната измена на Законот од 1993 година. Имено, во пречистен текст на Законот кој е официјално објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и се применува во практичната имплементација на Законот, во конкретните членови јасно е утврдена надлежноста на Министерството за внатрешни работи во конкретните постапки, која како таква функционира и во праксата.

Со оглед на наведеното, се цени дека членовите 20 и 55 од Законот за заштита од експлозивни материи се јасни и истите не предизвикуваат правна несигурност, односно истите не се во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата наведува дека согласно членот 59 од Законот за заштита на експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), одобрение за производство на контејнери како типски објекти за складирање на експлозивни материи издава Министерството за стопанство по постапка пропишана со член 55 на овој закон. Со членот 72 став 1 од истиот закон, се овластува Министерството за стопанство во согласност со Министерството за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за градежно - техничките и технолошките услови за заштита од експлозија и пожар при изградба, адаптација и користење на објектите, просторот, уредите, техничката опрема и средствата, како и инсталациите во објектите во кои се произведуваат или складираат експлозивни материи. Во овој дел подносителот наведува дека конкретните членови упатуваат на надлежност на непостоечко министерство, односно непостоечки орган, што доведува до правна несигурност и правна забуна во примената на одредбата, кое нешто не е во согласност со начелото за владеење на правото, пропишано со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите на подносителот на Иницијативата во однос на наведените одредби се неосновани од следните причини:

Со членот 62 став 1 алинеја 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), утврдено е дека Министерството за стопанство и Министерството за трговија се обединуваат во Министерство за економија и продолжуваат со работа како Министерство за економија со надлежности утврдени со овој закон. Имајќи го предвид наведеното, надлежностите кои согласно закон биле во рамките на Министерството за стопанство преминуваат во надлежност на Министерството за економија.

Конкретно, со членот 59 од Законот за заштита од експлозивни материи се уредува надлежноста на тогашното Министерство за стопанство, а сега Министерството за економија во постапката за издавање одобрение за производство на контејнери како типски објекти за складирање на експлозивни материи. Наведената одредба не е во спротивност со уставно загарантираната темелна вредност за владеење на правото, имајќи предвид дека во материјалниот закон со кој се уредува организацијата и работата на органите на државната управа, веќе е уредено прашањето кое се однесува на називот на инстнтуцијата, при што конкретната одредба не доведува до правна несигурност при нејзината примена.

Во однос на оспорениот став 1 од членот 72 од Законот се укажува дека се работи за преодна одредба чија цел во моментот на пропишување се состоела од овластување на тогашното Министерство за стопанство во согласност со Министерството за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за градежно-техничките и технолошките услови за заштита од експлозија и пожар при изградба, адаптација и користење на објектите, просторот, уредите, техничката опрема и средствата, како и инсталациите во објектите во кои се произведуваат или складираат експлозивни материи. Во тие рамки, со ставот 2 од истиот член, е утврдена можност во прописите од ставот 1 на истиот член, да се определат прекршоци и за тие прекршоци да се пропишат казни.
Во однос на предметната одредба, информираме дека во моментот кога е предвиден основ за донесување на наведените подзаконски прописи, како носител е предвидено Министерството за стопанство, а во периодот кој следувал, такви прописи не биле донесени, ниту пак се определени прекршоци и казни за непочитување на одредбите од предметниот закон. Имено, прекршочни одредби со конкретни прекршочни санкции за прекршителите се предвидени во членовите 67, 68, 68-а, 69, 69-а, 69-б, 69-в, 69-г и 70 од Законот за заштита на експлозивни материи, кои се во согласност со одредбите од Законот за прекршоците.

Законот за заштита од експлозивни материи датира од 1978 година. Имајќи ги предвид севкупните процеси во предметната област, се укажува дека во Министерството за внатрешни работи е започнат процес на целосно ревидирање на одредбите од Законот за заштита од експлозивни материи. Конкретно, во тек е процес на изготвување нов закон за експлозивни материи за цивилна употреба, во кој е предвидено обединување на одредбите содржани во Законот за заштита од експлозивни материи и Законот за промет со експлозивни материи, како и нивно усогласување со европската регулатива од предметната област.

Имајќи го предвид предходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот 20, 55 од член 8, делот 30 од член 31 став 3, членот 59 и 72 од Законот за заштита од експлозивни материи („Служби весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 4/78, 51/88, 36/90, „Службен весник на Република Македонија“
бр. 12/93, 66/07, 84/08, 135/11 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) и да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## Точка 45

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, а во врска со претставка доставена од Александар Кацарски од Скопје за отстранување на констатираните повреди на неговите уставни и законски права од Подрачното одделение за првостепена управна постапка Неготино на Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Имајќи предвид дека во Посебниот извештај на Народниот правобранител НП бр.302/21 од 26.10.2021 година е наведено дека во предметната постапка е составен Записник за увид на лице место од 30.10.2017 година во кој е констатирано дека е потребно да се утврди правен статус на бесправно изградените објекти, изградени на една градежна парцела, укажуваме дека согласно член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21) е предвидено дека „постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект ја спроведуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот и единиците на локалната самоуправа.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ја спроведува постапката за утврдување на правен статус на објекти од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, на објекти на здравствените установи за терцијална здравствена заштита и за електронските комуникациски мрежи и средства, а единиците на локалната самоуправа за објектите од локално значење согласно со Законот за градење и за објектите на здравствените установи за примарна и секундарна здравствена заштита.

Оттука, а со оглед на тоа што се работи за објекти од втора категорија на градби изградени во КО Карпош, надлежен орган за постапување по Барањето за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти е Општина Карпош.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.115, за КО Горно Лисиче-вонград, на КП бр.2624/2, КП бр.2624/3 и КП бр.2624/6 на викано место/улица Гробишта и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата заклучи:

1. Го именува Фатмир Ејупи за Национален координатор за социјална заштита и процес на деинституционализација, сметано од 5 мај 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

3. Го разреши Екрем Буњаки од должноста директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија, поради истек на мандатот.

4. Го именува Блерим Укали за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. На Ване Цветанов разрешен од должноста вршител на должноста претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија му утврди право на плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 15 март 2022 година до 15 март 2023 година.

6. Даде согласност на Одлуката бр.02-258/2 од 23 март 2022 година на Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, со која за директор на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за период од 4 години се избира Џеват Кицара.

7. Го разреши Васко Стефанов од должноста заменик на директорот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

8. Ја разреши Магдалена Филиповска – Грашкоска од должноста претседател на Инспекцискиот совет, на нејзино барање.

9. Ја именува Даниела Рендевска за вршител на должноста претседател на Инспекцискиот совет и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Го разреши Стево Крстевски од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на негово барање.

11. Ја именува Магдалена Филиповска – Грашкоска за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

12. Го именува Влатко Серафимов за вршител на должноста член на Инспекцискиот совет од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Ги разреши од должноста членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово: - Ленче Давидовска, - Руфат Јашари и - Бранислава Јовановска. 13.1 Ги именува за членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово: - Добрин Петрушевски, - Арменд Мустафа и - Ивана Димовска - Нојковска. 14. Ги разреши од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Берово: - Сашко Пехчевски, - Марија Стаменкоска и - Светлана Пецовска. 14.1 Ги именува за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Берово: - Новица Печински, - Зорица Мамуческа и - Марија Наџинска.

15. Го разреши Блерим Укали од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија 15.1 Го именува Фидан Селими за член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

16. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија, како и во најмалку три дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на претседател на Инспекцискиот совет и еден член на Инспекциски совет од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето.

17. Да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, да го отповика Јани Макрадули од должноста претседател на Управниот одбор, кој носи назив генерален директор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, а за претседател на Управниот одбор кој носи назив генерален директор да го избере Васко Стефанов.

**Точка 48**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 9 април до 15 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 7 април 2022 година до 13 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 5 април 2022 година до 11 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 11 април 2022 година до 17 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Секретарот за комуникации и јавни политики при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Ана Андреева ги информираше членовите на Владата за планираните настани и активности по повод организацијата на настанот, 100 дена Влада.

По тој повод Владата заклучи:

1. На 26 април 2022 година, во 10:30 часот да се одржи тематска седница на Владата, со медиумско присуство од која ќе произлезат задолженија до сите министерства да подготват информации за клучните достигнувања за 100 дена Влада.

2. На 29 април 2022 година, во 10:30 часот да се одржи свечен настан во просториите на Националната опера и балет, во формат на Форум модериран од потпаролот на Владата, на кој ќе бидат поканети претставници на дипломатскиот кор, претставници на стопанските комори, граѓански организации и медиуми и на кој во три сесии ќе се презентираат и дискутираат информациите за клучните достигнувања за 100 дена Влада, по што ќе се организира коктел.

3. Се задолжуваат министерствата по свечениот настан да организираат посебни настани (надвор од министерството) на кои ќе се промовираат проекти, инвестиции и слично и ќе се даде подетален отчет за конкретното министерство.

**6.** Во врска со активностите поврзани со проектите Коридор 8 и Коридор 10, Владата ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности да изврши обука на службеници кои работат во институции вклучени во реализација на проектите.

За таа цел потребно е Кабинетот на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политичките прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, да достави список на лица кои ќе присуствуваат на овие обуки до Агенцијата за катастар на недвижности.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за склучена Програма за соработка на полето на образованието и науката меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за периодот 2022-2025 година на македонски, бугарски и англиски јазик, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Акцискиот план на извршена ревизија на Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година, на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија од Државен завод за ревизија, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за искористеноста на одобрените средства за набавка на механизација за одржување на минимум стандарди на инфраструктурата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на АД ЕСМ – Скопје за инвестициски грант од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), за проектот - Парк на ветерни електрани Богданци – Фаза II, во сопственост на АД ЕСМ – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучен Договор за заем меѓу АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловоен простор од значење за Републиката - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 19 април 2022 година ја разгледа Информацијата во врска со движењето на цените на нафтените деривати во Република Северна Македонија по отпочнувањето на руско-украинската криза, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот на Одборот за надзор на материјално-финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Автопат А2: Кичево-Охрид на минерална суровина-дијабаз на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца и ја донесе Одлуката со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/22 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог – решение, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа Барањето на Никица Габриќ за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерство за здравство.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изразување на интерес за учество во програмата за животната средина од Обединети нации и ја усвои со следните заклучоци:
1. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена да достави писмо за поддршка до Обедините нации за учество во проектот на NAMA Facility, (НАМА објект) со кој што ќе се обезбеди грант финансиска поддршка за поуспешна имплементација на енергетската ефикасност преку зајакнување на секторот ESCO услугите во Република Северна Македонија.
2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од седум дена да ги разгледаат можностите за подготовка на проекти за финансиска поддршка кои би биле во симбиоза со идниот Фонд за енергетска ефикасност.

## Точка 64

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Крупиште 1“, Општина Карбинци и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје на локалитетот „Крупиште 1“, Општина Карбинци со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола (*) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи веднаш да ги достави кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентната табела до Секретаријатот за законодавство со цел добивање мислење по истите.

2. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола (*) согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 66**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија и го утврди со следниве заклучоци:
1. Текстот на Предлог-законот да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Исмаил Лума, државен советник во Министерството за економија и м-р Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за април 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 21.4.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со априлските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26.4.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 26.4.2022 година (вторник);

-за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 27. 4.2022 година (среда);

-за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 28.4.2022 година (четврток) и

-за пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 29.4.2022 година (петок).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите во основните и средните училишта предизвикана од штрајк на вработените, а согласно одлуката на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2022 година (ребаланс) да предвидат средства за зголемување на платите во висина од 10% во основното и средното образование, како и во јавните установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (детски градинки).

2. Формира работна група во состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска министер за труд и социјална политика, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Адмирим Алити министер за информатичко општество и администрација која да започне процес на преговори со репрезентативен синдикат за потпишување на Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија, во кој ќе биде вклучена и методологија за пресметка и зголемување на платите во јавниот сектор.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да започнат со подготовка на Предлог-закон за платите во јавниот сектор.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика да ги преземат сите потребни активности со цел непречено одвивање на образовниот процес и процесот за згрижување на децата од предшколска возраст во градинките, согласно уставно загарантираното и законски регулирано право на образование (основно и средно), и грижа на децата од предшколска возраст.

За таа цел Владата ги повикува сите професори, наставници, воспитувачи, негователи и другите останати лица вклучени во образовниот и процесот за згрижување на децата од предшколска возраст, веднаш да се вратат на работните места и да овозможат непречено одвивање на образовниот процес и процесот за згрижување на децата од предшколска возраст во градинките, согласно уставно загарантираното и законски регулирано право на образование (основно и средно), и грижа на децата од предшколска возраст.

Истовремено, се повикуваат родителите да продолжат да ги носат децата во јавните установи за згрижување на децата од предшколска возраст (градинките), а учениците да продолжат со образовниот процес во образовните установи (основни и средни училишта).

5. Се задолжува доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Јована Тренчевска министер за труд и социјална политика официјално да се обратат до раководството на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК) и да побараат одговор зошто и согласно кој/и правни акти/прописи е прекинат образовниот процес во основните и средните училишта, како и процесот за згрижување на децата од предшколска возраст и за истото да ја информираат Владата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за платите на членовите на Судски совет на Република Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на предлог решение за состојбата со пензионирањето во јавните обвинителства и судовите, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави соодветни измени на Законот за работни односи со кои ќе се овозможи да се одлучува за продолжување на мандатот на судиите и јавните обвинители (по нивно барање), со цел решавање на овој проблем.

**Точка 71**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Никола Тупанчески, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 72

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 73

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино за 2022 година, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |